Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 121/0306
29.03 2019 год.
Скопје

25.03.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 март 2019 година, врз основа на примена жалба од Зоран Азманов, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Во изданието на емисијата „Македонски инсајдер“, насловено „Досие 003 - Мафија на квадрат“, емитувано на Телевизија „1ТВ“, прекршен е Кодексот на новинарите во членовите 1, 3 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 март 2019 година, бизнисменот Зоран Азманов, поднесе жалба за изданието на емисијата „Македонски инсајдер“, насловено „Досие 003 -Мафија на квадрат“, емитувано на 17 февруари 2019 на Телевизија „1ТВ“ (www.1tv.mk).

Во жалбата се наведува дека изданието на емисијата содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета и дека го нарушува правото за презумција на невиност и заштита на сведоци.

Подносителот на жалбата, Зоран Азманов, посочува дека тврдењата на новинарите и на нивните соговорници во споменатата емисија се целосно невистинити и објавени единствено со намера да му се наштети на неговиот углед и чест, како и на угледот на неговото семејство, без воопшто да му се даде можност да го каже својот став. Тој смета дека содржината и контекстот на емисијата создале невистинита и погрешна слика во јавноста за наводно негово мафијашко дејствување во градежништвото.

Азманов, кој до Советот за етика испрати обемна документација, составена од бројни документи и електронски преписки со „1ТВ“, наведува дека медиумот ги игнорирал сите негови повици до денот на објавување на емисијата, а оти во самата емисија неговите одговори биле објавени селективно. Подносителот на жалбата тврди дека не му била дадена можност подеднакво да одговори на наводите, како што било во случајот со соговорниците во емисијата и дека прв пат за став бил прашан два дена пред емитувањето на новинарскиот производ.

*„На 15 февруари 2019 година, попладне за прв пат ми испративте прашања, за она што барате да добиете одговор од мене, иако емисијата и моето име го имавте во негативен контекст истакнато во реклама уште од 5 јануари 2019 година и секој ден ја најавувавте емисијата. Во вашата емисија давате шанса на прави криминалци и измамници да се прикажуваат како жртви и ја искривувате вистината во целост со што им давате амнестија за сите сторени криминали, а мене без никаков доказ ме линчувате пред целата македонска јавност“*, наведува бизнисменот Азманов во еден од дописите до „1ТВ“.

Азманов, во документацијата до Советот, меѓу другото, приложи и примероци од Барање за објавување демант и Барање за јавно извинување, кои биле испратени, но не биле објавени од телевизијата. Тој во двата документа најавува тужба за навреда и клевета за „1ТВ“, доколку тие не бидат објавени.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „1 ТВ“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од телевизијата не одговорија на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА. Комисијата** едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 3, а со мнозинство гласови дека е прекршен и членот 13.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 3:*** *„Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 март, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши детален увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека се работи за емисија од жанрот истражувачко новинарство и дека во оспореното издание „Досие 003 - Мафија на квадрат“, јавно зборуваат повеќе лица, кои преку лични искуства, искажуваат обвинувања на сметка на бизнисменот Зоран Азманов. Комисијата се согласи дека слободата на говор е неприкосновена и дека темата поврзана со градежната мафија произлегува од јавниот интерес. Но, во исто време, Комисијата се согласи дека во случајов, Телевизија „1ТВ“ не

направила доволно за да добие целосно урамнотежен и професионален финален новинарски производ. Ова од причина што на подносителот на жалбата, бизнисменот Азманов, кој е предмет на сериозни обвинувања во емисијата, не му е дадено доволно време и простор да одговори на наводите, пред емисијата воопшто да биде објавена. Затоа, Комисијата цени дека објавените информации во емисијата се нецелосни, зашто жалителот е изземен од можноста да биде рамноправен учесник во истражувачките стории, во кои самиот е подложен на тешки критики.

Спротивно на ова, а земајќи ја предвид и обемната документација на жалителот, испратена до Советот, Комисијата најде дека медиумот имал доволно време и можност да побара одговори од Азманов, со оглед дека најавната шпица (форшпан) за емисијата, се најавуваше уште од 5 јануари, односно подолго од еден месец пред објавувањето на ова издание, во кое, жалителот беше ставен во контекст на градежната мафија. Наместо тоа, медиумот одлучил да побара став два дена пред емитувањето на емисијата што, според Комисијата, е кус период за да се одговори на корпус прашања од толкав обем и содржина. Според документацијата на жалителот и во согласност со направената анализа на емисијата, Комисијата констатираше дека Телевизија „1ТВ“, сепак, добила делумни одговори на поставените прашања истиот ден пред да се објави емисијата и оти истите одговори, се исто така, делумно употребени како став на жалителот. Во исто време, Комисијата утврди дека дел од објавените ставови не се ставени во прецизен контекст и корелација со тврдењата на соговорниците во емисијата, што отвора реален сомнеж за тенденциозност кај самиот медиум. Ова уште повеќе што целосните одговори на прашањата, испратени од страна на жалителот на 23 февруари, односно шест дена по емисијата, воопшто не биле објавени од телевизијата.

Оттука, членовите на Комисијата заклучија дека во оспореното издание на „Македонски инсајдер“ е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот треба да обезбеди „втора страна“, односно да им се даде можност на сите засегнати страни да го кажат своето мислење. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилноста и професионалноста на новинарскиот производ.

Новинарот може да објави нешто за кое што нема доволно докази, а за кое има доволно индикатори дека е вистина, односно нешто за што постои основано сомнение. Основано сомнение подразбира презентирање аргументи, кои се разумни и кои се индикатор дека нешто е вистина, без да имаме конкретен доказ за вистинитоста.

Понатаму, Комисијата се согласи дека во текот на целата емисија провејува наратив на изнесување претпоставки и мислења, што е неспоиво со истражувачкото новинарство. Мнозинството од членовите на Комисијата утврдија дека во изданието е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е нагласено во завршниот дел од емисијата, во кој, новинарот се става во улога на коментатор и не прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Што научивме од овој случај? Зоран Азманов долги години секогаш одново знае да пронајде партнери кои се подготвени да бидат преведени и жедни преку вода во амбицијата да заработат што повеќе. Околу нив, плете внимателна финансиска и правна мрежа, за во еден момент, своите доверливи партнери да ги пушти низ вода, да им ги преземе и фирмите и парите. Азманов е секогаш во право, вистински градежно-финансиски предатор“,*** вели новинарот како своевиден заклучок за емисијата.

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулации.

Во продолжение, Комисијата утврди и дека Телевизија „1ТВ“, требало, но не ја испочитувала обврската за објавување демант, со што го прекршил и членот 3 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата. На тој начин, новинарот го штити и сопствениот интегритет, но и интегритетот на медиумот во кој работи. Во тој контекст, Комисијата упатува и на членот 16 од Уставот и на членот 17 од Законот за медиуми:

*** Членот 16 од Уставот во делот во кој се вели:**

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

*** Членот 17 од Законот за медиуми (Право на исправка на објавена информација), во делот кој се вели:**

Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавената информација во која се наведуваат неточни факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и другите организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата ја донесе оваа одлука.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Лилјана Пецова Илиеска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „1 ТВ“ (www.1tv.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС
Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595